# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН



















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ ДОБИ 800 ИЛЈАДИ ЕВРА ОД СВЕТСКА БАНКА

Во вторникот (9.12), градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски и Заменик претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии, Зоран Ставревски потпишаа договор за финансиска поддршка на оваа Општина вредна 800.000 евра. Станува збор за подзаем од Меѓународна банка и развој - Светска банка, кој Општината го зема од Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП2). Средствата од овој кредит Општина Карпош во износ од 48.424.933 денари се добиени по извонредно поволни услови, на 13 години отплата со три години грејс период. Според изјавата што ја даде во оваа пригода првиот човек на локалната власт, Јакимовски, инфраструктурно ќе се заокружи делот со изградба на атмосферска канализација и реконструкција на улици во урбаните делови, односно ќе се гради атмосферска мрежа на улиците Анкарска, Багдадска Алжирска, Борка Талевски, Влае, Франц Прешерн и Корушка и реконструкција на коловози и тротоари на улиците Прашка и Струшка. Со тоа на жителите на Влае нема веќе да им се случува мешање на атмосферската со фекална канализација и ќе добијат најсовремена подземна инфраструктура. Инаку Општина Карпош и досега во континуитет работеше во изградбата на фекална и атосферска канализација како и во реконструкција на коловозите на своја територија, што резултираше со тоа дека и во најдождливите денови, во ниту еден дел, немаше поплавени улици и затнати канализации, рече градоначалникот Јакимовски. Министерот за финансии, Ставревски истакна дека кредитот за кој гарант е Владата на Република Македонија е со 0,6 насто камата и засега искористеноста од проектот за поддршка на општините што е во соработка со Светската банка е на високо ниво. Од вкупно 56 милиони евра, 34 општини веќе искористиле 26 милиони евра. Според договорот, главна целна овој заем е да се обезбеди сообраќајна удобност, практичност и безбедност за сите учесници во сообраќајот преку подобрување на коловозот и тротоарите на улиците Прашка и Струшка. Да се осигура дека нема доаѓа до поплавувања на станбените и комерцијални објекти кои се лоцирани на овие улици. Инаку стручните служби на општина Карпош аплицираа за заем од Светска банка преку изработка на техничка документација која беше позитивно оценета од оваа финансиска институција и врз основа на тоа и доделен кредитот, за кој гареант е Владата на Република Македонија. На овој простор кој ќе биде инфраструктурно обновен живеат 6,1 отсто од населението на Карпош.



# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „ВЕРА ЦИТИВИТИ ТРЕНА“ ГО ОДБЕЛЕЖАА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Општинското основно училиште „Вера Цирививри Трена“ од Карпош, со пригодна свеченост го одбележа празникот Св. Климент Охридски, кој е исклучителен датум во историјата на македонскиот народ. Како дел од активностите во програмата за одбележување на овој ден, беа прочитани делови од житието на Св. Климент Охридски. Освен тоа, беа изведени песни од Бошко Смаќоски и Матеја Матевски како и две лични творби на ученички од четврто и петто одделение, Софија Илиеска и Анастасија Бошковска.

По повод денот Св. Климент Охридски, во училиштето беше распишан литературен конкурс за ученици од шесто до деветто одделение, на кој неколку основци освоија вредни награди. Во категоријата проза, првото место го освои Јана Петрова од осмо одделение, а второто место осмооделенката Кристина Конева. Во категоријата поезија, прво место освои Теодора Бајкова од осмо одделение, второ место и припадна на нејзината врсничката Ангела Бошковска, а третото место за Виктор Михајлов од седмо одделение.











# ФУДБАЛЕРИТЕ НА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ ЕСЕНСКИ ПОБЕДНИЦИ

Младите фудбалери од ООУ „Лазо Трповски“ го освоија првото место во рамките на спортско-училишните лиги на територија на општина Карпош. Во натпреварувањата во првата есенска сезона, помеѓу 11 тимови најдобрите спортисти ги освоија првите места во неколку спортски дисциплини: одбојка (девојчиња), кошарка, фудбал и шах. Оваа спортска манифестација, која е традиционална, ќе продолжи со пролетната сезона по зимскиот училишен распуст.



| Училишна екипа | Коло | Победи | Нерешено | Порази | Гол разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Л.Трповски | 10 | 8 | 1 | 1 | 39-13 | 25 |
| 2.А.Писевски | 10 | 8 | 0 | 2 | 28-9 | 24 |
| 3.Братство | 10 | 7 | 1 | 2 | 24-7 | 22 |
| 4.Д.Х.Димов | 10 | 6 | 2 | 2 | 24-12 | 19 |
| 5.В.Ц.Трена | 10 | 5 | 2 | 3 | 16-5 | 17 |
| 6.В.Тасевски | 10 | 4 | 2 | 4 | 24-15 | 14 |
| 7.Јахја Кемал | 10 | 3 | 2 | 5 | 19-35 | 11 |
| 8.П.П.Арсов | 10 | 3 | 1 | 6 | 15-18 | 10 |
| 9.Ј.А.Коменски | 10 | 2 | 1 | 7 | 9-23 | 7 |
| 10.В.Чернодрински | 10 | 2 | 1 | 7 | 13-38 | 7 |
| 11.Х.Т.Карпош | 10 | 0 | 1 | 9 | 7-47 | 1 |

# АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ДОНИРАА ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ

Хуманоста и солидарноста „зрачи“ во општина Карпош. На големо изненадување и радост, најмалите дечиња од приватната градинка „Сент Пол“ од една до шестгодишна возраст, во средата (10.12) ги посетија административните простории на општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски. Целта на посетата е да се соберат финансиски средства со кои ќе им се купат подароци на децата без родители за престојните Новогодишни и Божиќни празници. Во оваа пригода, малите хуманитарци му испеjaa бижиќна песна на градоначалникот Јакимовски и му подарија од „волшебните џинџер колачиња“. Во рамките на добротворната кампања „Биди причината за нечија насмевка“, вработените и родителите на децата од оваа приватна градинка, изработија новогодишни и божиќни колачи кои беа дел од хуманата акција. Со купувањето на колачите и донацијата, паричните средства кои ќе се соберат ќе бидат наменети за купување едукативни и други видови материјали на децата од Домот без родителска грижа „11 Октомври“ од Скопје и Домот за доенчиња и мали деца од Битола. На сличен начин, на 20 демеквri ќе се одржи новогодишен базар во холот на трговскиот центар „Скопје Сити Мол“, во организација на градинката „Сент Пол“ во соработка со Здружението за деца со аутизам. Паричните средства собрани од новогодишниот базар ќе бидат наменети и употребени во Здружението за деца со аутизам.











PIPO







# ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ ОД КАРПОШ

Традиционално по петти пат, градоначалникот на општина Карпош заедно со претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски, во средата (10.12) доделија еднократна парична помош на лицата со инвалидитет. По повод 3 декември, Денот на лицата со хендикеп, оваа хумана донација е од голема помош на лицата со инвалидитет, со цел пригодно да ги дочекаат Новогодишните и Божиќните празници. Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски изрази задоволство што Општината може да помогне на овие лица на кои најмногу им е потребна парична поддршка за негување и лекување. -Општина Карпош, секоја година издвојува одреден дел на средства и посветува внимание на овие лица. Оваа година од општинскиот буџет се издвоија околу 300.000 денари, со тоа што ќе бидат поддржани околу 50 семејства, за да им се помогне за подмирување на материјалните потреби. На ваков начин, сакаме да покажеме дека водиме грижа и за оние лица кои имаат потреба, односно на оние на кои здравствената и социјалната состојба им е влошена. Покрај редовните средства што ги издвојува локалната самоуправа за поддршка на вакви лица, 3 декември е светскиот ден каде треба да се помогне на лицата со инвалидитет– истакна Јакимовски. Во иста насока, председателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски, посака среќни празници на лицата со посебни потреби. Тој посочи дека Советот едногласно одлучи да им се додели еднократна парична помош од 5.000 денари за семејствата кои имаат вакви лица. Со пригодна празнична трпеза беа пречекани лицата со инвалидитет, а тие од своја страна топло го поздравија и му се заблагодарија на градоначалникот Јакимовски за големата солидарност која несебично ја пружа кон овие семејства. Хуманото дело на општина Карпош ќе продолжи и понатаму во уште поголем интензитет.









# ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ПЕДАГОЗИ

Од 3-ти до 15-ти декември во Кинотека на Македонија, се одржува изложба на четири врвни уметници, академски сликари и скулптор. Тие преку своите ликовни дела се среќаваат на пола пат во своите соништа, мечтти и богатство на бои. Изложбата е во организација на Детскиот ликовен центар, а на неа можат да се видат сликите и скулптурите на ликовните педагози Харалампие Манчев, Владимир Лазоски, Орце Гогов и Данчо Ордев. Тие ги истакнаа своите дела исрцтани на платно и склуптури обоени и изработени на дрво. Сите љубители на акварелот и на скулпторството ќе можат да ги погледнат овие творби бесплатно.










ИЗЛОЖБА

# „ЧИТАЊЕТО И МАТЕМАТИКАТА СЕ ЗАБАВНИ“

Општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“, од територијата на општина Карпош, беше одбрано за учество во проектот на УСАИД, кое се одржа во средата (10.12) „Со читање до лидерство“. Тимот на проектот, заедно со пејачката Кристина Арнаудова и актерот Ѓорѓи Нешкоски, на интерактивен начин успеаја да ги инволвираат учениците од почетните одделенија во едукативната програма. Со читање раскази и игра со броеви, се одржа активноста „Читањето и математиката се забавни“. Целта на проектот е подобрување на проценката на јазичните и математичките вештини кај учениците од првите одделенија. На тој начин се зајакнуваат и педагошките вештини на наставниците, особено вештините за формативно оценување и проценка на нивото на јазична и математичка писменост. По пат на апликација, ова училиште потпиша Меморандум за соработка со Фондацијата „Чекор по чекор“, а како спроведувач и финансиер на проектот „Со читање до лидерство“ е УСАИД. Проектот се спроведува од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ – Македонија. Освен богатата програма, проектот ја промовираше и својата „Библиотека на тркала“ која имаа можност сите учениците од почетните одделенија да ја посетат. Истата е опремена со сликовници, книги, едукативни игри и други материјали за најмладите основци. На презентирањето на проектот присуствуваа наставници од ООУ „Којдан Чернодрински“ како и родителите на учениците од прво до трето одделение. Со присуство ги почести и директорот на УСАИД од Вашингтон во Македонија, Џејмс Стајн, извршен директор на Фонадацијата „Чекор по чекор“ Сузана Киранџиска, Кристи Вилсет и Ешли Грин претставнички од УСАИД од Вашигтон, како и Наташа Булеска, претставник од канцеларијата за образование во УСАИД – Македонија и Викторија Димитровска, координатор за проценка на јазична и математичка писменост.




USAID


USAID


USAID


КАКО
БРОЕНКА





# КАРПОШ ДОБИ СОВЕТ НА МЛАДИ

Креативни и модерни идеи ќе го „збогатат“ Советот на општина Карпош. На 25-та седница на Советот на Општина Карпош, која се одржа во средата (10.12) за прв пат, со 20 гласа „за“, односно едногласно се усвои Предлог-одлуката за избор на членови на Советот на млади при оваа општина. Со усвојувањето на вакивот предлог за партиципативност на младината во општина Карпош се потврди ставот дека еден од најважните сегменти за успешна локална власт е учеството во носењето одлуки од страна на млад и квалитетен кадар. На седницата на Советот, се усвои и Предлог-одлуката за одобрување финансиски средства за кошаркарскиот клуб „Карпош Соколи“, во износ од 3.000.000 денари, кои ќе се одвојат од општинскиот буџет. За доброто на граѓаните и најмалите жители на Карпош, се усвои Предлог-решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Пиколини“ од Скопје. На седницата на Советот на општина Карпош едногласно се усвои и Предлог-одлуката за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите. Работејќи по дневниот ред, советниците дадоа „виза“ и за вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација, изграден на територијата на Карпош..





# КАРПОШ ДОМАЌИН НА ФИНАЛЕТО ВО СПОРТСКИ БОН-ТОН ЗА 2014

Општина Карпош, која го носи епитетот „најспортска општина", покрај низата признанија, се збогати со уште еден вреден и важен сертификат. Во неделата (14.12) се одржа завршната манифестација традиционални спортски игри - „Спортски бон тон", чиј завршен чин беше целосно финансиски поддржан од општина Карпош, домаќинот на големиот спортски настан, првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, ја подигна благодарницата за успешен придонес во спортот и инволвираност во проектот. -Ми претставува посебна чест и задоволство што годинашниот турнус на спортски бон-тон завршува токму во општина Карпош, која надалеку е позната по успешното негување на спортот и традицијата. Токму овие две нешта, традицијата изразена преку старите можеби и подзаборавени детски игри како „челик", „граница", „сакате ли војска" и многу други и спортскиот дух што провејува во нив, се мотивот поради кои со задоволство прифативме да бидеме дел од овој извонредно креативен проект на Геостратешкиот институт „Глобал".

Низ пет спортски дружења што ги имавме низ сите општини низ кој мина овој „спортски караван", имавме извонреден претставник, децата од ООУ „Братство" од Тафталиџе, кое по сите нишани е синоним за спортски дух, етничка сплотеност и другарство. Ова се игри кои ги бришат сите разлики меѓу децата, кои поврзуваат и зближуваат, кои го зајакнуваат борбениот дух, чувството на припадност и заедништво кон еден тим, кои тежнеат кон победа и повисоки резултати – рече Јакимовски и упати апел до сите градоначалници на државата, да издвојуваат средства за поддршка на спортски игри од ваков тип за децата, бидејќи спортот е





еден од поважните сегменти за развој кај младите. Од општина Карпош, основното општинско училиште „Братство“, беше дел од петмесечниот проект и спортското дружење.

Целта на проектот е промовирање на спортот како општествена активност преку која со игра, забава и дружење на децата и младите од различна етничка припадност, ги зацврстуваат меѓуетничките односи во Република Македонија. Преку спортско-културни активности, во шест општини, вклучувајќи ја и општина Карпош, се водеа фер и спортски натпреварувања меѓу 150 деца од шест општини од државата: Свети Николе, Велес, Охрид, Ново Село, Маврово-Ростуше и Карпош. По иницијатива и покровителство на Претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, во организација на Геостратешкиот институт „Глобал“, како и поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, овој спортски настан се одржува трета година по ред. Проектот „Традиционални игри - Спортски бон тон“ ќе продолжи и следната година со надеж за поголемо учество и заинтересираност на другите општини ширум државата и за што поголемо другарување во рамките на спортските активности.








СПОРТСКИ
БОН - ТОН
EVN
MARMARA

